РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 01-74/3
23.01. 2019 год.
СКОПЈЕ

Република
Македонија

ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР
## ЗА 2018 ГОДИНА

*Скопје, јануари 2019*

СОДРЖИНА

1. Вовед ........................................................................................ 4

2. Дејност на Центарот ........................................................................ 5

3. Организациска поставеност на Центарот ........................................ 7

4. Постојна кадровска состојба ........................................................... 8

5. Програмски задачи на центарот за 2018 година ............................ 10

  5.01. Одделение за финансиски прашања ........................................ 11

  5.02. Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи....... 12

  5.1. Сектор за испити, оценувања и издавачка дејност ..................... 14

  5.2. Сектор за обуки и информатичка обработка на податоци ............ 20

  5.3. Заеднички активности .................................................................. 26

6. Активности во врска со меѓународни студии за мерење на постигањата ....................... 27

7. Учество на конференции, семинари, обуки и други настани ............ 30

8. Активности на Управниот одбор на Центарот ................................. 32

9. Соработка ....................................................................................... 33

## 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е формиран согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за Центарот врши Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар е задолжен за: организирање и спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување на меѓународни тестирања, оспособување на кандидати за директори, како и полагање на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење и стручно доусовршување на директорите.

Со Центарот управува Управен одбор кој има претседател и шест членови. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Државниот испитен центар има заменик, кој исто така е именувано лице од Владата на Република Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик директорот на Центарот и раководителите на секторите, а по потреба раководителите на одделенијата и други вработени што ќе ги определи директорот на Центарот.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг Центарот согласно Законот за Државниот испитен центар:

- подготвува национална програма за евалуација на основното и средното образование согласно со европските стандарди,
- подготвува национален акционен план и динамика на евалуација согласно со програмата од алинејата 1,
- подготвува програма за екстерна евалуација на основното и средното образование,
- подготвува акционен план и динамика на екстерната евалуација согласно со програмата од алинејата 3,
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците во основното и средното образование,
- ги прибира, обработува и врши анализа на резултатите од проверувањето на постигањата на учениците во основното и средното образование,
- изготвува национален извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта согласно со резултатите од екстерното проверување, самоевалуација, интегралната евалуација и евалуација на професионалните досиеја и го доставува до Министерството. Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта го објавува министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот),
- учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршен испит во средното образование,
- изготвува тестови за екстерните испити во државната матура,
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднувања на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура,
- ги објавува на својата веб страница испитните програми, информациите и други материјали за државната матура, училишната матура и завршниот испит,
- подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит,
- определува локални координатори и тестатори за реализација на екстерните испити во државната матура,
- определува оценувачи за вреднувањето на постигнувањата на учениците на екстерните испити во основното и средното образование, како и на екстерните испити во државната матура,
- формира државни предметни матурски комисии,
- врши обука на членовите на државните предметни матурски комисии,
- врши обука на претседателите и на секретарите на училишните матурски комисии,
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити на државната матура,
- ја координира работата на училишните матурски комисии,
- обезбедува заштита на тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал,
- врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта,

- му предлага на министерот Програма за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.
- го спроведува испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор и државните предметни матурски комисии,
- издава стручна литература од делокругот на своето работење и
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Државниот испитен центар.

Со измените во Законот за основното образование и Законот за средното образование, укинато е екстерното проверување на постигањата на учениците и наставниците. Со оглед на тоа што не се направени соодветни измени во Законот за Државниот испитен центар, иако постојат како законска обврска, Центарот не ги спроведува активностите поврзани со екстерното проверување на постигањата на учениците и наставниците.

При извршувањето на своите работи Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институции.

Центарот правовремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центарот и Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:



## 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 30 лица кои се вклучени во организирање и реализирање на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| Доктори на науки | 3 |
| Магистри | 8 |
| Високо образование | 10 |
| Више образование | 0 |
| Средно образование | 9 |
| Основно образование | 0 |
| Вкупно | 30 |

Сите вработени, освен директорот и заменик директорот кои се именуваат од Владата на Република Македонија, се вработени на неопределено работно време.

Директорот, заменик директорот кој имаше мандат до 28.12.2018 година, по образование се доктори на науки.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| Раководители на сектор | 2 |
| Раководители на одделение | 4 |
| Советници | 11 |
| Виши соработници | 1 |
| Соработници | 1 |
| Помлади соработници | 1 |
| Самостојни референти | 2 |
| Виши референти | 4 |
| Референти | 0 |
| Помлади референти | 1 |
| Помошно технички лица за обезбедување на објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 30 |

Во 2018 година се реализираа 2 (две) пензионирања и 3 (три) нови вработувања. Со вработувањата се пополнија следните работни места:

- раководител на Одделението за обуки и развој - 1 (еден) извршител;
- помлад соработник управување со човечки ресурси - 1 (еден) извршител;
- чувар во службата за обезбедување - 1 (еден) извршител.

Заради сложената природа на работата во Центарот одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациони единици (сектори и одделенија), а тоа налага да се практицира тимска работа, односно меѓусебна соработка на вработените.

За успешно реализирање на стратешките задачи на Центарот се наметнува потребата од перманентно стручно усовршување, односно од вложување во развојот на знаењата и способностите на вработените.

## 5. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2018 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2018 година својата темелна активност ја насочи околу реализација на следните глобални задачи:

- Подготвување и спроведување на државната матура за јунски испитен рок за учебната 2017/2018 година;
- Подготвување и спроведување на државната матура за августовски испитен рок за учебната 2017/2018 година;
- Подготовка и реализација на основните обуки за кандидати за директори согласно Законот за обуки и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Подготовка на напредните обуки за постоечките директори согласно Законот за обуки и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Подготовка и спроведување на испитот за директори согласно Законот за обуки и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Реализација на меѓународната студија ПИСА 2018;
- Реализација на пробното тестирање од меѓународната студија ТИМСС 2019;
- Учество во подготвување на измени и дополнувања на подзаконски акти.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши по организациони единици - сектори и одделенија.

Во продолжение подетално се прикажани активностите на Центарот за 2018 година одделно по организациони единици.

## 5.01. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Во одделението за финансиски прашања задачите што се планирани со Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2018 година се спроведуваа согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за јавните набавки, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и други подзаконски акти од областа на финансиско-материјално работење.

Во продолжение следат реализираните активности во 2018 година:

- Спроведени се 28 јавни набавки;
- Изготвени се измени и дополнувања на планот за јавни набавки за 2018 година;
- Исплатени се фактури за комунални услуги;
- Исплатени се фактури по основ на јавни набавки;
- Исплатени се фактури за надоместок на претседателот и членовите на Управен одбор;
- Исплатени се надоместоци за членовите на Државен матурски одбор;
- Исплатени се хонорари за ангажирани надворешни соработници за реализација на државната матура и меѓународното тестирање ПИСА 2018;
- Исплатени се членовите на Комисијата за полагање на испит за директор;
- Исплатени се хонорари за лицата ангажирани како обучувачи;
- Направено е контирање и книжење на целокупната финансиска документација;
- Континуирано е водена синтетичка и аналитичка евиденција;
- Подигната е готовина и извршена е исплата на готовина;
- Изработени се касови извештаи;
- Реализиран е поврат на средства по основ на уплатени средства за поднесени приговори;
- Направени се пресметки на плата и изготвување на потврди за висината на личниот доход на вработените;
- Подготвена е пресметка и документација за боледување;
- Изготвени се статистички извештаи за вработени и плати (Образец Труд - 1);
- Направено е книговодствено усогласување на извршените пописи;
- Направена е пресметка на амортизација и ревалоризација;
- Изготвен е годишен извештај за бруто остварени приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето плата;
- Изготвени се финансиски извештаи и бруто биланс за изготвување на годишна завршна сметка.

***Период на реализација:*** *јануари - декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите сектори и надворешни институции*

## 5.02. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Ова одделение работеше на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти, решенија, договори и други документи, како и административни работи за потребите на Центарот, согласно Програмата за работа на ДИЦ, и тоа:

- Изготви нов Правилник за систематизација на работните места во Државниот испитен центар;
- Изготви нов Правилник за внатрешна организација и работа во Државниот испитен центар;
- Изготви измена и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач;
- Изготви Правилник за формата и содржината на образецот на записникот од испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Изготви Правилник за формата и содржината на уверението за положен испит за директор;
- Изготви Правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар;
- Изготви Упатство за работното време во ДИЦ;
- Изготви Правилник за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во Државниот испитен центар;
- Изготви Упатство за благајничко работење;
- Изготви Процедури за склучување договори за повремени (привремени) работи;
- Изготви Прирачник со процедури за систем на контрола на комплетноста на сметководствената документација;
- Изготви Процедури за отпочнување и спроведување на постапки за јавни набавки и подготовка, склучување и реализација на договори на стоки, услуги и работи;
- Изготви Упатство за начинот на користење на службените моторни возила на Државниот испитен центар;
- Изготви известувања и дописи за постапеност за Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор при Министерството за финансии на Република Македонија;
- Изготви барања за ангажирање надворешни соработници;
- Изготви решенија и договори за ангажирање надворешни соработници;
- Изготви решенија за обезбедување средства за службено патување во странство;
- Изготви и достави Преглед на извршени службени патувања во странство до Владата на РМ;
- Изготви договори кои произлегуваат од јавните набавки;
- Изготви дописи и одговори на писмена добиени од страна на други институции;
- Изврши координација, поставување и архивирање на материјали во системот Е-Влада;
- Изготви одлуки кои произлегуваат од работата на Управниот одбор на Државниот испитен центар;
- Изготви и спроведе конкурси за ангажирање надворешни соработници;
- Изготви План на архивски знаци за распоредување на актите за 2019 година;
- Изготви Листа на архивски материјал за 2019 година на Државниот испитен центар;
- Изготви Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2019 година;
- Спроведе полугодишно интервју за административните службеници;

- Спроведе оценување на административните службеници;
- Изготви и достави Извештај со ранг листи на годишните оценки на административните службеници;
- Изготви и достави Извештај за реазлизација на генерички обуки на административните службеници за 2018 година;
- Изготви и достави План за генерички обуки на административните службеници за 2019 година;
- Изготви и достави План за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар;
- Изготви и достави Извештај за реализација на годишниот План за вработување на административни службеници во Државниот испитен центар;
- Изготви поединечни и општи акти (одлуки, решенија и наредби) за плата, престанок на работен однос, службено отсуство, годишен одмор, платено и неплатено отсуство од работа и државните празници;
- Изврши внесување на измените во податоците за вработените во информациониот систем за управување со човечки ресусри (ИСУЧР);
- Изготви и други општи и поединечни акти кои произлегуваат од секојдневното работење на ДИЦ;
- Секојдневно извршуваше примање и заведување на административни пратки, одлуки, информации, решенија, договори и други акти во деловодникот, како и класирање на поштенски пратки за експедиција;
- Секојдневно ги обезбедуваше просториите и опремата на Центарот.

*__Период на реализација:__ јануари - декември 2018 година*
*__Во соработка со:__ останатите сектори, одделенија и надворешни институции*

## 5.1. СЕКТОР ЗА ИСПИТИ, ОЦЕНУВАЊА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2018 година главни приоритети на Секторот за испити и оценувања беа активностите поврзани со подготовка на инструменти за тестирање, стручни материјали за наставниците и за државната матура.

Главни активности кои се реализираа во Секторот за испити и оценувања беа активностите поврзани со подготовка на инструменти за тестирање, стручни материјали за наставниците и за државната матура.

Секторот беше задолжен за изготвување испитни материјали за сите екстерни испити во рамките на државната матура како мерни инструменти, обуки на наставниците од гимназиско, средно стручно и уметничко образование за користење на испитните програми во наставниот процес, организација и спроведување на оценување и решавање на приговори за тестовите за државната матура што се реализираат екстерно, изготвување прирачен материјал (прирачна литература) за успешно полагање на државна матура, активности поврзани со ревидирање на дел од постоечките испитни програми со квалитативна цел, реализација на пробно тестирање на вештината Слушање како дел од испитот по англиски јазик во рамките на државната матура.

Исто така овој Сектор реализираше активности во врска со техничка подготовка на испитни материјали за двата испитни рока, умножување на испитните материјали, пакување и подготовка за дистрибуција на испитните материјали за државната матура, прием, архивирање и чување на испитните материјали за сите видови на тестирања, печатење и пакување на испитен материјал за меѓународни тестирања, печатење и пакување на испитен материјал за пробно тестирање за вештината Слушање за странските јазици.

Со оглед на природата на активностите на Секторот, еден дел од активностите се реализираа во соработка и координација со другите организациони единици во Центарот.

### I. ИЗРАБОТКА НА ИСПИТНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДРЖАВНА МАТУРА

Во 2018 година во насока на квалитетна и навремена изработка на испитен материјал:

- формирани се и обучени 15 државни матурски предметни комисии за сите наставни предмети со околу 65 членови;
- изготвени се испитни материјали (тестови, клучеви и други придружни материјали) за сите екстерни предмети од државната матура. Согласно потребите, за секој предмет беа изготвени по два теста, како мерни инструменти. Односно, изготвени се 30 комплети на испитен материјал за 15 екстерни испити од државната матура за двете испитни сесии и тоа: македонски јазик и литература, албански јазик и литература, турски јазик и литература, математика, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, естетика, филозофија, биологија, хемија, физика, историја и бизнис.
- Извршено е усогласување на тестовите за мајчините јазици.

***Период на реализација:*** *јануари - декември 2018 година*

## II. ПОДГОТОВКА НА СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОБУКИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНА МАТУРА

- Изготвени се стручни материјали за обука на наставниците за соодветно користење на испитните програми во рамките на наставниот процес;
- Изготвени се прашалници за анкетирање на наставниците за процентот на користење на испитните програми во наставниот процес;
- Изготвени се стручни материјали за обуки на наставници за користење на критериуми за оценување на тест книшките во јунскиот и августовскиот испитен рок;
- Изготвени се критериуми за селекција на наставници за користење на критериуми за оценување на тест книшките во јунскиот и августовскиот испитен рок.

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*

## III. ПЛАНИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ТЕСТОВИТЕ ОД ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА

За успешна реализација на процесот на оценување на тестовите за секој од испитните рокови е изготвен детален план. Согласно деталниот план за процесот на оценување во рамките на Одделението реализирани се следните активности:

- **За јунски и августовски испитен рок:**

- Учество во подготвување на конкурс за оценувачи за тестовите;
- Селекција, обука и избор на потребен број на оценувачи за тестовите од екстерните испити од државната матура;
- Обезбедување на просторни услови за оценување за јунски испитен рок во три училишта во Скопје и тоа: ПСУ„НОВА", ПСУ„Јахја Кемал" и ОУ „Јан Амос Коменски", додека во августовскиот испитен рок оценувањето се спроведе во просториите на Државниот испитен центар и во училиштето „Св. Наум Охридски" во Скопје;
- Обезбедување на услови за сместување на оценувачи кои се надвор од Скопје во ученичкиот дом „Здравко Цветковски", кој е избран со јавна набавка;
- Обезбедување на логистичка поддршка на процесот на оценување;
- Тестирање на клучот и изработка на конечно упатство за оценување за секој од 15-те екстерни предмети;
- Планирање, организација, координација и реализација на процесот на оценување на тестовите;
- Обука и избор на околу 500 оценувачи кои се пријавиле на конкурсот за сите 15 наставни предмети од државната матура што се полагаат екстерно;
- Успешно е реализирано оценувањето при што во процесот учествуваа вкупно 469 оценувачи (388 за јунскиот испитен рок и 81 оценувач за августовскиот испитен рок);
- Оценети се околу 47 060 тестови за екстерните испити од државната матура (43 330 во јунскиот испитен рок и 1730 тестови во августовски испитен рок);
- Формирани се 15 стручни комисии за поставување на предлог-праговите за оценката доволен (2) и за оценката одличен (5) за екстерните предмети од државната матура.
- Организирани се и реализирани работни средби на членовите на стручните комисии и со примена на Модифициран Ангоф метод се определени предлог праговите за секој екстрен предмет.

- Формирани се 15 комисии за приговори со вкупно 45 лица во улога на членови и 45 лица во улога на нивни заменици;
- Разгледани се и решени 522 приговори, од кои 489 за јунски испитен рок и 33 за августовски испитен рок;
- Реализирани е процесот на увид во тест-книшките на 130 кандидати што приговарале и се пријавиле за увид во тестовите.

***Период на реализација:*** *јануари – септември 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите организациони единици*

## IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОБНИ ТЕСТИРАЊА НА ВЕШТИНАТА СЛУШАЊЕ КАКО ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО РАМКИТЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА И НА НОВАТА ИСПИТНА ПРОГРАМА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Согласно Годишната програма за работа на ДИЦ во текот на 2018 година беше реализирано пробно тестирање на делот Слушање за предметот англиски јазик во рамките на државната матура. Тестирањето на учениците се спроведе во два различни периоди и тоа:

Во месец февруари беше спроведено тестирање во 13 средни училишта во општините Тетово и Гостивар на популација од околу 3000 ученици од трета година. Процесот го реализираа околу 200 обучени тестатори, 20 администратори и 21 набљудувач од БРО и ДИЦ.

Со примерокот беа опфатени ученици кои наставата ја следат на: македонски, албански и турски наставен јазик.

Целта на ова тестирање беше проверка на процедурите за спроведување на овој дел од испитот и техничката опременост и подготвеност на училиштата од овој регион.

Во месец декември 2018 година беше спроведено тестирање на делот Слушање за предметот англиски јазик во рамките на државната матура во 10 средни училишта во општините Штип, Радовиш и Струмица, на популација од околу 1500 ученици од четврта година. Процесот го реализираа 125 обучени тестатори, 10 администратори и 15 набљудувачи од БРО и ДИЦ.

Со примерокот беа опфатени ученици кои наставата ја следат на: македонски и турски наставен јазик.

За првпат целта на ова тестирање беше освен проверка на процедурите за спроведување на овој дел од испитот и техничката опременост и подготвеност на училиштата од овој регион, тестирање на квалитетот и тежинското ниво на задачите.

Од друга страна пак во месец април беше спроведено тестирање на новиот концепт на тестот по англиски јазик согласно новата испитна програма во 5 средни училишта во Скопје на популација од околу 300 ученици од четврта година.

Со примерокот беа опфатени ученици кои наставата ја следат на: македонски, албански и турски наставен јазик. Исто така учениците беа од различни профили на средни училишта.

Направена е анализа на квалитетот и тежинското ниво на задачите, но и на новите критериуми за оценување на задачата „есеј" и изготвен е извештај.

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите организациони единици*

## V. ИЗГОТВУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ И ПРИРАЧНИ МАТЕРИЈАЛИ НАМЕНЕТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДГОТОВКА ЗА ДРЖАВНАТА МАТУРА

- Испитната програма по англиски јазик е ревидирана и изменета донесена од страна на Министерот за образование и наука;

- Изготвени се стручни содржини/упатства по наставни предмети за успешно полагање на испитите од државната матура;
- Изготвени се наменски содржини за веб-локација како примери за успешно полагање на матурските испити.

*Период на реализација: февруари - декември 2018 година*
*Во соработка со: останатите организациони единици*

## VI. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА ВО 2018 ГОДИНА

Целта на оваа анализа е да се согледа каков успех е постигнат на екстерните испити на државната матура во Република Македонија.

Успехот ќе биде анализиран преку неколку индикатори:
- положеност на екстерниот дел на државната матура;
- положеност/ неположеност на испитот;
- структура на позитивниот успех (доволен, добар, многу добар, одличен);
- среден (просечен) успех на испитот;
- анализа на ајтемите од сите екстерни тестови од државната матура;
- изготвена е ТИА+ анализа за психометриските карактеристики на задачите и тестовите за сите екстерни испити од државната матура;
- врз основа на показателите од ТИА+ анализата изготвени се извештаи за психометриските карактеристики на мерните инструменти за екстерните испити од државната матура.
- изготвени се извештаи за секој од екстерните испити на државната матура и стручни документи за квалитетот на испитните материјали.

Реализирани се работни средби со членовите на ДМПК за сите екстерни предмети на кои се презентирани сознанијата за квалитетот на задачите и тестовите и дадени се препораки за нивно понатамошно усовршување.

*Период на реализација: февруари -декември 2018 година*

## VII. ИЗРАБОТКА НА ИСПИТНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДРЖАВНА МАТУРА

- **Техничка подготовка на испитни материјали за двата испитни рока**

Извршено е техничко уредување, лектура, превод, коректура и подготовка за умножување на тестови, клучеви и листи за оценување за јунскиот и августовскиот испитен рок, за 15 предмети, на трите наставни јазици: македонски, албански и турски јазик.

*Период на реализација: јануари- декември 2018 година*
*Во соработка со останатите организациони единици*

- **Умножување на испитните материјали за двата испитни рока**

Умножени се околу 60.000 тестови, 60.000 листи за ученици и околу 60.000 листи за оценувачи за јунскиот и августовскиот испитен рок, за 15-те екстерни испити на три наставни јазици: македонски, албански и турски јазик, како и околу 15.000 формулари за спроведување на испитите од државната матура.

***Период на реализација:*** *јануари - декември 2018 година*

- **Пакување и подготовка за дистрибуција на испитните материјали за државната матура**

Направено е пакување и кодирање на околу 1.600 кутии со испитните материјали, распределба по училници, училишта и градови и истите беа подготвени за дистрибуција.

***Период на реализација:*** *април - август 2018 година*

- **Прием, архивирање и чување на испитните материјали за државната матура**

Извршен е прием на испитните материјали по тестирањето, распределени се материјалите за процесот на оценување, приговори и обработка на резултатите. Извршена е распределба на материјалите според стандардите за архивирање и обезбедување на услови за нивно чување.

***Период на реализација:*** *јуни - декември 2018 година*

## VIII. ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТИТЕ НА ЦЕНТАРОТ

- **Изработка на службени документи на Центарот**

Технички се уредувани и печатени сите тековни службени документи на Центарот во текот на целата година.

***Период на реализација:*** *јануари-декември 2018 година*

- **Изработка на репрезентативни материјали за Центарот**

Изработени се репрезентативни материјали со логото и името на Центарот за кандидатите за директори и други соработници на Центарот.

***Период на реализација:*** *јануари-декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *надворешни институции*

## IX. УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАРЕН МАТЕРИЈАЛ

- **Уништување на употребен и неупотребен испитен материјал и останат документиран материјал на ДИЦ**

Барање на согласност од Државен Архив на Р.М за уништување на употребен и неупотребен испитен материјал од државна матура од 2017 година и негово уништување во должина од 700 –

800 метри должински. Уништување на друг документиран материјал од ДИЦ на барање и во согласност од другите сектори на ДИЦ.

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите организациони единици и Државен Архив на РМ*

## X. БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

- **Библиотека**

Управување со библиотечниот фонд на ДИЦ

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*

## 5.2. СЕКТОР ЗА ОБУКИ И ИНФОРМАТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Главните активности на Секторот за обука и информатичка обработка на податоци во 2018 година беа насочени кон: организација и спроведување на обуки и испит за кандидати за директори на основни, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење; организација и подршка во спроведување на државна матура; организирање и координирање на бази на податоци и нивна заштита; внес, прочистување и обработка на податоци од испит на директори, екстерни испити од државна матура и меѓународните тестирања; одржување на компјутерската опрема на Центарот.

Со оглед на природата на активностите на Секторот, некои активностите се реализираа во соработка и координација со другите организациони единици во Центарот.

### I. ОСНОВНА ОБУКА ЗА КАНДИДАТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНО И СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

- Во текот на 2018 година, од страна на 11 обучувачи, одржани се 13 обуки (секоја обука се состои од шест едукативни модули) на македонски јазик за кандидати за директори на основни и средни училишта, ученички домови и граѓански универзитети за доживотно учење. Обуките ги следеа вкупно 227 кандидати распоредени во 13 групи. Последната група, согласно Распоредот, обуката ќе ја заврши во целост на 10.02.2019 година.
  За истиот период одржани се 3 обуки (по шест модули) на албански јазик од страна на 9 обучувачи. Обуките ги следеа 42 кандидати распоредени во 3 групи.
- Одржани се 10 испитни сесии во кои испитот го положиле 339 кандидати и се стекнале со Уверение за положен испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.
- Обезбедени се соодветни материјали за обуки и испит за кандидатите, дописи и информации за кандидатите за веб страната на ДИЦ.
- Изготвени се унифицирани документи за обука и испит (Уверение, записник од испит, извештај од испит, формулар за оценување на презентација, листа за евиденција, листа за евалуација, формулар за верификација на испитни прашања, извештај од обучувач, содржина на досие, пријава за обука, пријава за испит за кандидати што следеле обука, пријава за испит за кандидати за обновување на уверението...)
- Извршен е избор на обучувачи за основната обука, за Модул 1 на македонски јазик и за модулите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на албански јазик.
- Изработени се нови прирачници од страна на обучувачите на македонски јазик за модулите 1, 2, 3, 4, 5 и 6.
- Извршена е ревизија и ажурирање на задачите за испитот за директори и темите за завршниот семинарски труд од страна на обучувачите, како и верификација на истите од страна на Испитната комисија.
- Континуирано се води евиденција и документација за кандидатите кои ја следат обуката и го положиле испитот (во интерна електронска база на податоци и во вид на досиеја во тврда копија).
- Изготвени се Правилник за содржина и изглед на Записникот за испити и Правилник за формата и содржината на уверението за положен испит за директор.

- Направени се корекции во дизајнот на уверението за положен испит и Записникот за испити, согласно донесените правилници.
- Изготвен е Извештај за одржаните обуки и испити во 2018 година, врз основа на анализата на евалуационите листи за оценка на квалитетот на обуките и извештаи за резултатите од полагањето на испитот за директори.
- Изработен е Водич за обуки и испити (брошура) во печатена и електронска верзија, на македонски јазик и на албански јазик.
- Согласно измените на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење направени се измени во софтверот за испит за директори, во организација на испитот и оценувањето на испитните задачи (зголемено е вкупното времетраење на испитот од 120 на 150 минути; намален е процентот на решени задачи потребен да се положи првиот и вториот дел од испитот од 80% на 60%) и на веб страната на ДИЦ се објавени сите испитни прашања за вториот дел од испитот.

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *надворешни соработници*

## II. НАПРЕДНА ОБУКА ЗА ДИРЕКТОРИ

- Изработен е Акциски план за реализација на напредната обука во 2019 година.

***Период на реализација:*** *мај – август 2018 година*

## III. ЕДИНСТВЕНА ONLINE БАЗА НА ПОДАТОЦИ (РЕГИСТАР)

- Изготвена е Online базата на податоци (Регистар) која содржи податоци за 1326 лица кои се стекнале со уверение за положен испит за директор во периодот 2006-2018 година и/или се активни директори, односно:
  - податоци за лицата кои се стекнале со уверение за положен испит за директор (име и презиме, општина, датум на издавање на уверението и датум на одземање на уверението);
  - податоци за актуелните директори на основни и средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење (име и презиме, општина, датум на издавање на уверението, датум на одземање на уверението, посетени семинарски денови и теми во рамки на напредната обука, училиште во кое е директор, електронска пошта и службен телефонски број).
- Базата континуирано се дополнува со податоци за лицата кои се стекнале со уверение за положен испит за директор. Исто така, во базата се ажурираат и податоците за актуелните директори, врз основа на податоци добиени од МОН и единиците на локална самоуправа на чие подрачје е училиштето.

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *надворешни соработници*

## IV. ОБУКИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

- Организирана е една тим билдинг обука за вработените во Државниот испитен центар.

***Период на реализација:*** *декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите организациони единици*

## V. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ДРЖАВНАТА МАТУРА ЗА ДВАТА ИСПИТНИ РОКА

**- Кандидати за полагање на државна матура**

Пријавувањето на кандидатите за полагање на државна матура и верификацијата на податоците се реализирани коректно и навремено.

***Период на реализација:*** *јануари – февруари 2018 година*
***Во соработка со:*** *училиштата*

**- Тестатори**

Извршен е избор на 2211 тестатори во јунски испитен рок и 336 тестатори во августовски испитен рок, внесени се во база и распоредени по училишта и испитни простории. За сите тестатори во апликацијата за државна матура се креирани решенија за нивно ангажирање во кое е наведено кои денови и во кои училишта се распоредени. Тестаторите се наставници од средни и основни училишта.

***Период на реализација:*** *март-август 2018 година*
***Во соработка со:*** *училиштата*

**- Набљудувачи**

Извршен е избор и распределба на 200 набљудувачи во јунски испитен рок и 30 во августовски испитен рок по училишта. Истите се од редот на вработените во: МОН, ДИЦ, БРО и ЦСОО.

***Период на реализација:*** *април-август 2018*
***Во соработка со:*** *МОН, БРО, ЦССОО*

**- Упатства и водич за реализација на државна матура**

Подготовени се упатства за: тестатори, секретари на УМК, директори на училишта, локални координатори и набљудувачи.

***Период на реализација:*** *јануари-мај 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите организациони единици*

- **Апликација за ABBYY**

Подготовена е апликацијата за ABBYY за користење за државната матура во 2018 година. Креирани се 92 шаблони за листи за ученици и оценувачи, сетирани се станиците за администрација, скенирање, експорт и набљудување, верификација, препознавање и корекција.

***Период на реализација:*** *април - август 2018година*

- **Протоколи, бар - кодови**

Во апликацијата за државна матура креирани се протоколи, шифри за пакување на испитен материјал и истите се испечатени. Креирани и испечатени се 3586 Протоколи за јунски испитен рок и 433 за августовски испитен рок, како и сите пропратни формулари и извештаи. Исто така, креирани и испечатени се околу 144.000 бар-кодови за кандидати и оценувачи, односно 8000 листи со баркодови за јунски испитен рок и околу 700 листи за августовски испитен рок

***Период на реализација:*** *март - август 2018 година*

- **Дистрибуција на испитен материјал**

Изготвен е распоред за дистрибуција на испитниот материјал и истиот функционираше беспрекорно. За оваа активност беше ангажирана такси компанија со 26 возила за јунскиот испитен рок и 8 возила за августовскиот испитен рок.

***Период на реализација:*** *мај - август 2018 година*

- **Внес и обработка на податоците од државната матура**

Во јунски испитен рок вкупно компјутерски беа евидентирани 135222 тест-книшки (45074 тест-книшки по три пати – кога се прима од училиштата во ДИЦ, кога се испраќа на оценување и кога се враќа од оценување. Скенирани и верификувани беа вкупно 90148 листи за одговори од ученик и листи од оценувач. Додека пак, во августовски испитен рок беа евидентирани вкупно 6831 тест-книшки (2277 тест книшки по три пати, односно по прием, кога се испраќа на оценување и кога се враќа од оценување), а скенирани и верификувани беа 4554 листи за одговори од ученик и листи од оценувач. Сите податоци беа соодветно обработени и поврзани.

***Период на реализација:*** *јуни - септември 2018 година*

- **Приговори**

Дадена е потребната логистичка и ИТ поддршка на процесот на приговори.

***Период на реализација:*** *јули - август 2018 година*
***Во соработка со*** *останатите организациони единици и надворешни соработници*

**- Резултати**

Доставени се и објавени резултати од екстерните испити на државната матура за двата испитни рока, како и резултатите од приговорите. За августовскиот испитен рок резултатите се објавени предвреме, со цел да им се овозможи на кандидатите да аплицираат на факултет во вториот уписен рок.

***Период на реализација:*** *јули - август 2018 година*

**- Апликација за државната матура**

Креирана е база на податоци за државната матура за 2019 година.

***Период на реализација:*** *декември 2018 година*

**- Обука на претседатели на училишни матурски комисии**

Во текот на 2017 и 2018 година имаше промена на директори на средните училишта, односно претседатели на училишни матурски комисии. За да се запознаат со обврските околу реализација на државната матура за сите директори од средните училишта беше организирана обука.

***Период на реализација:*** *април 2018 година*

**- Обука на тестатори**

Во реализација на државната матура се вклучени голем број на тестатори. Повеќето од нив во предходните години ја поминале обуката за тестатори, па затоа се одлучи како и во предходната година се одлучи да нема директни обуки со тестаторите туки да се направи видео со практична демонстрација на обврските на тестаторот. Видето беше изготвено на македонски и на албански јазик и истото беше дистрибуирано до сите училишта. Обврска на директорите на училиштата беше да го споделат со ангажираните тестатори од нивните училишта.

***Период на реализација:*** *мај 2018 година*

**- Обука на секретари на училишни матурски комисии**

Со овие обуки беа опфатени сите новоназначени секретари на училишни матурски комисии. Целта на обуките е секретарите на училишните матурски комисии да се запознаат со нивните задачи и обврски, а воедно да се оспособат за користење на веб-апликацијата за државната матура. Обуките се реализирани во просториите на Државниот испитен центар.

***Период на реализација:*** *декември 2018 година*

## VI. АКТИВНОСТИ ЗА ЦЕНТАРОТ

- **Веб-локација**

Континуирано одржување на веб-локацијата за Центарот и одржување на постоечката веб - локација за матура.

***Период на реализација:*** *јануари - декември 2018 година*

- **Компјутерска опрема**

Одржување на постојната компјутерска опрема во Центарот.

***Период на реализација:*** *јануари - декември 2018 година*

- **Апликација за реализација на испитот за директори**

Континуирано администрирање на апликацијата за реализација на испитот за директор.

***Период на реализација:*** *јануари - декември 2018 година*

## 5.3. ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Со оглед на природата на активностите на Центарот, поголемиот дел од нив се реализираат во носечката организациона единица, а во соработка и координација со останатите организациони единици. Во периодот јануари - декември 2018 година со целосна соработка и координација на сите организациони единици и со вклученост на најголемиот дел од вработените, реализирани се следните активности:

- Изготвени се оперативни планови за подготовка и спроведување на екстерните испити од државната матура за јунскиот и августовскиот испитен рок 2018 година.
- Ревидирани и подобрени се процедурите за државната матура врз основа на сознанијата од спроведувањето на државната матура во 2018 година.
- Изготвени се Правилник за систематизација на работните места и Правилник за внатрешна организација на Центарот.
- Изготвен е Извештај од спроведената државна матура во 2018 година.
- Изготвени се квартални извештаи и Годишен извештај за работата на Државниот испитен центар во 2018 година.
- Изготвена е Програма за работата на Државниот испитен центар во 2019 година.
- Изготвени се повеќе правилници, процедури и упатства, согласно потребите на Центарот и препораките од Инспекцискиот надзор за финансиско работење на Центарот.
- Формирани се соодветни комисии и реализирани се активности во врска со јавни набавки за потребите на ДИЦ, пописи и избор на надворешни соработници.
- Реализирано е оценување на административни службеници за 2018 година.

***Период на реализација:*** *јануари – декември 2018 година*
***Во соработка со:*** *останатите организациони единици и надворешни соработници*

## 6. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА

- ПИСА 2018

ДИЦ ги реализира следните активности:
- Подготовка на материјали (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на главно тестирање;
- Прибрани и внесени во база податоци од околу 20000 ученици на петнаесетгодишна возраст и по случаен избор избрани околу 6000 ученици;
- Консултативни средби со околу 600 професорите кои предаваат во прва година: македонски јазик и литература, албански јазик и литература, математика, физика, хемија и биологија за да се согледа како оди реализацијата на наставните содржини со инкорпорирање на ПИСА според насоките добиени на обуките во ноември 2017;
- Изготвени решенија (за утврдување на минималниот број на прегледани и оценети тестови; за утврдување на минималниот дневен број на прашалници за кодирање; за утврдување на минималниот број на инструменти за дневен внес; за избор на лица одговорни за кодирање на прашалници; за избор на оценувачи на испитен материјал; за избор на лица одговорни за администрирање испитен материјал) договори и изјави за ангажирање надворешни соработници;
- Обучени околу 200 претставници од училиштата за спроведување на студијата;
- Организирана Конференција за ПИСА и за државна матура со сите директори од средните училишта и претставници од локалната самоуправа;
- Испечатени, спакувани и дистрибуирани околу 6000 тестови и 6000 прашалници;
- Спроведено тестирање во сите училишта опфатени со примерокот (сите средни училишта и во 22 основни училишта на примерок од околу 6000 ученици);
- Оценување на примери на решени ајтеми на англиски јазик;
- Оценети околу 6000 тестови согласно процедурите од ПИСА (единечно или одредена бројка тестови паралелно оценети од два до пет оценувачи);
- Кодирани околу 6000 прашалници
- Внесени двојно во база сите инструменти (околу 6000 тестови + околу 6000 прашалници за ученици и прашалници за училишта)
- Учество во прочистување на податоците од главно тестирање;
- Комуникација со ОЕЦД во врска со ПИСА студијата.

***Рок:** јануари- декември 2018 година*

- ПИСА 2021

ДИЦ ги реализира следните активности:
- Ревидирање на предлог задачите за пробното ПИСА тестирање;
- Комуникација со ОЕЦД во врска со ПИСА студијата.

***Рок:** јануари- декември 2018 година*

- TIMSS 2019

ДИЦ ги реализира следните активности:

- Превод од англиски на македонски јазик и верификација на преводот (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на пробното тестирање;
- Адаптација од англиски на албански јазик и верификација на преводот на материјали (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на пробното тестирање;
- Техничко уредување на материјалите (тестови, прашалници, упатства и тн.) и нивна верификација за реализација на пробното тестирање;
- Прибирање и внес на податоци за број на ученици во петто одделение по наставен јазик и по училиште за избор на примерок на училишта и ученици кои ќе бидат тестирани во пробното тестирање (примерок од околу 1100 ученици од основните училишта на македонски и на албански јазик);
- Избор на примерок на училишта и ученици кои ќе бидат тестирани во пробното тестирање;
- Прибирање и внес на податоци за наставници кои реализираа настава во петто одделение во училиштата кои се опфатени со примерокот;
- Обучени 60 претставници од 32 училиштата опфатени со примерокот за спроведување на студијата;
- Изготвени решенија (за утврдување на минималниот број на прегледани и оценети тестови; за утврдување на минималниот број на инструменти за дневен внес; за избор на оценувачи на испитен материјал; за избор на лица одговорни за администрирање испитен материјал) договори и изјави за ангажирање надворешни соработници;
- Испечатени, спакувани и дистрибуирани околу 1000 тестови и 2000 прашалници;
- Спроведено тестирање во 32 основни училишта опфатени со примерокот;
- Оценети околу 700 тестови согласно процедурите од ТИМСС (единечно или двојно);
- Внесени во база сите инструменти (околу 700 тестови + околу 1400 прашалници
- Компјутерски внес на податоците од прашалниците и тестовите;
- Прочистување на податоците од пробното тестирање;
- Прибирање и внес на податоци за број на ученици во петто одделение по наставен јазик и по училиште за избор на примерок на училишта и ученици кои ќе бидат тестирани во главното тестирање (примерок од околу 5000 ученици од основните училишта на македонски и на албански јазик);
- Избор на примерок на 150 основни училишта и околу 5000 ученици кои ќе бидат тестирани во главното тестирање;
- Прибирање и внес на податоци за наставници кои реализираа настава во петто одделение во училиштата кои се опфатени со примерокот;
- Прибирање на податоци за избор на ученици и училишта за главното тестирање во 2019 година;
- Превод од англиски на македонски јазик и верификација на преводот на 14 тестови и 4 прашалници за реализација на главното тестирање;
- Адаптација од англиски на албански јазик и верификација на преводот на 4 прашалници за реализација на главното тестирање;
- Техничко уредување на материјалите: 14 тестови и 4 прашалници на македонски јазик и 4 прашалници на албански јазик и нивна верификација за реализација на главното тестирање;
- Подготовка на материјали за обука на наставници од основните училишта за студијата и типовите на задачи кои се користат во ТИМСС 2019;

- Обука на советниците од БРО за што и како се оценува во ТИМСС 2019 студијата;
- Подготовка на Извештај од пробното ТИМСС тестирање;
- Комуникација со ИЕА во врска со ТИМСС студијата.

***Рок:** јануари- декември 2018 година*

- PIRLS 2021

ДИЦ ги реализира следните активности:

- Ревидирање на предлог задачите за пробното ПИРЛС тестирање;
- Комуникација со ИЕА во врска со ПИРЛС студијата.

***Рок:** јануари - декември 2018 година*

## 7. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ОБУКИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на 2018 година Државниот испитен центар бележи и голем број активности во врска со учество на домашни и меѓународни конференции, семинари, обуки и други настани и тоа:

- учество на третиот семинар за националните координатори на меѓународната студија PISA 2018, во Валета, Малта, во организација на ОЕЦД;
- учество на обука за користење на програми за избор на примерок, компјутерски внес и прочисување на податоци од меѓународниот проект TIMSS 2019, Хамбург, Германија во организација на IEA;
- учество на обука на националните координатори обука за реализација на од меѓународниот проект TIMSS 2019 во Мадрид, Шпанија, во организација на IEA;
- учество на вториот состанок на националните координатори од земјите на Западен Балкан во Амстердам, Холандија за меѓународниот проект TIMSS 2019, во организација на IEA;
- учество на првиот состанок на националните координатори од земјите на Западен Балкан во Братислава, Словачка за меѓународниот проект PIRLS 2021, во организација на IEA.
- учество во серија состаноци на меѓусекторски работни групи, односно во Работната група за спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и во Работната група за спроведување на ИПА II - Сектор „Образование, вработување и социјална политика".
- учество во интеракивна обука за „Даночен систем, надоместоци, евидентирање на обврски, нов начин на пријавување на обврски,расходување, воспоставување на контроли при спроведување на јавни набавки" и „Подготовка на технички спецификации и тендерска документација, утврдување на критериуми за способност на економските оператори, како и осврт на новиот предлог Закон за јавните набавки", Солун, Република Грција;
- учество во интеракивна обука за „Користење на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и составување на завршна сметка за 2017 за буџетски органи", Сандански, Република Бугарија;
- учество на практична обука на тема: „Искуства и актуелности во примената на трудовото законодавство", во организација АЦТ ДОО Скопје;
- учество на обука на тема: „Практични совети, насоки, препораки и размена на искуства како поефикасно да се имплементираат Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и други закони кои произлегуваат од рагледување на примери напланови за вработување во корелација на систематизациите на линија на нови вработувања, рпеземање и распоредување на вработените кои имаат статус на административни службеници, даватели на услуги и помошно-технички лица", во организација Правоматика Скопје;
- учество на практична обука на тема: „Дилеми и правилна примена на прописите за јавната администрација, планирање на вработувања, постапки за вработување и унапредување, мобилност, функционална анализа, акти на систематизација и ИСУЧР", во организација АЦТ ДОО Скопје;
- учество на обука на тема: „Последни измени на Законот за работните односи, договори за вработувања, годишни одмори и искуства од примена на Законот за работните односи низ призма на судската пракса и инспекторатот на труд" во *Република Бугарија-Благоевград*, а во организација Тренинг Центар ЦЕС.

- учество на повеќе работилници и семинари во врска со проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“.
- учество на повеќе работилници и семинари во врска со проектот „Валидација на неформалното и информалното учење“.

## 8. АКТИВНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ

Составот на Управниот одбор на Државниот испитен центар формиран со Решението на Владата на Република Македонија бр.24-4874/1 од 03.08.2017 година, во 2018 година два пати се менуваше и тоа со Решението за разрешување и именување членови на УО на ДИЦ бр.24-198/1 од 26.12.2017 година, објавено на 10.01.2018 година и Решението за разрешување и именување членови на УО на ДИЦ бр.24-4009/1 од 03.04.2018 година, објавено на 13.04.2018 година.

Истиот работеше континуирано во рамките на своите законски надлежности и согласно потребите на институцијата и во периодот на 2018 година беа одржани вкупно 14 седници, а притоа беа донесени одлуки чие значење е суштествено за нормално функционирање на Центарот.

## 9. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар континуирано соработуваше со: Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Мировниот корпус, Бирото за развој на образование, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат, Центарот за образование на возрасни, УНИЦЕФ, УСАИД, Канцеларијата на Европската Комисија во Скопје, ОЕЦД, ИЕА, сите средни и основни училишта, како и високо-образовни и сродни установи и институции во и надвор од државата.

Составен дел на овој Извештај е Годишен финансиски извештај за 2018 година, кој е даден во прилог.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

**ДИРЕКТОР**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ

д-р Лидија Ѓошевска